**20091342599**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 145 од Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/06, 66/07, 117/08 и 92/09), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРАНЦИТЕ

Член 1

Во Правилникот за странците („Службен весник на Република Македонија бр.27/08 и 6/09“), во член 1 став 1 во алинејата 2 по зборовите: „Министерство за внатрешни работи“, се додаваат зборовите: „решението за ограничување на движењето на странец само во местото на престој;“.

Член 2

Во член 8 ставот 2 се брише.

Член 3

По членот 65-а се додава нов члена 65-б, кој гласи:

„Член 65-б

Во случаи утврдени со закон од страна на Министерството за внатрешни работи се донесува решение за ограничување на движењето на странец само во местото на престој.

Образецот на решението за ограничување на движењето на странец само во местото на престој е изработен од хартија со бела боја, со димензии 21 x 30 cm и содржи две нумерирани страни (Образец бр.13-б).

Во горниот среден дел на првата нумерирана страна од образецот на решението за ограничување на движењето на странец само во местото на престој, отпечетен е грбот на Република Македонија, под кој има натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ и натпис „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“, под нив се внесуваат податоци за организационата единица; бројот; местото и датумот, под нив отпечатен е правниот основ за донесување на ова решение, под него отпечатен е натпис „РЕШЕНИЕ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ДВИЖЕЊЕТО НА СТРАНЕЦ САМО ВО МЕСТОТО НА ПРЕСТОЈ“, под него се внесуваат податоци за лицето чие движење се ограничува: презиме; име; име и презиме на родителите; дата и место на раѓање; пол; државјанство; вид и број на документот за идентификација, место и датум на издавање на документот за идентификација, рок на важност на документот за идентификација и правниот основ за ограничување на движењето на странец само во местото на престој.

На втората нумерирана страница од образецот на решението за ограничување на движењето на странец само во местото на престој, има место за образложение, под него има упатство за правно средство, а под него има место за печат и потпис на службено лице.

Текстот на образецот на решението од став 2 на овој член е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинско писмо. “

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14.1 -67075/1
16 октомври 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Образецбр. 13-б

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
THE REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF INTERNAL AFFAIRS

Орг. единица___________________________
Organizational unit
Број_________________________________
Number
Место и датум________________________
Place and date

Врз основа на член 110 став 1 од Законот за странците ( ,,Службен весник на Република Македонија ,, бр.35/2006, 66/2007, 117/2008 и 92/2009) Министерството за внатрешни работи ______________________________ на ден ____________________ година донесе:
(назив на организационата единица)

Pursuant to Article 110 paragraphs 1 of the Law on Aliens (Official Gazette of the Republic of Macedonia nr. 35/2006, 66/2007, 117/2008 and 92/2009) the ministry of internal Affairs ______________________________brought the following: (competent organizational unit)

## РЕШЕНИЕ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ДВИЖЕЊЕТО НА СТРАНЕЦ САМО ВО МЕСТОТО НА ПРЕСТОЈ

## DECISION FOR RESTRICTION OF MOVEMENT OF THE ALIEN ONLY IN THE PLACE OF STAY

Се ограничува движењето само во местото на престој на лицето:
The movement is restricted only in the place of stay to the following person
Презиме____________________ Име________________________________________
Surname_____________________Name________________________________________
од татко_____________________мајка______________________________________
father_______________________mather_____________________________________
Дата на раѓање__________________место на раѓање_________пол____________
Date of birth____________________place of birth__________sex___
Државјанство_________________
Nationality_____________________
Вид на документ за идентификација_________________бр______
Type of identification document_____________________number__
Издаден во __________________на_________________
Issued at_____________________on _________________
Со рок на важност до__________________
Valid until____________________________

ПРАВЕН ОСНОВ за ограничување на движењето на странец само во местото на престој_____________________
LEGAL GROUNDS for restriction of movement of the alien only in the place of stay____________________________

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
JUSTIFICATION

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
_____________________________________________________________________.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО
PRECEPT

Против наведеното решение може да се поднесе жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението.
Against the above decision it is allowed to make a complaint to be lodged within 8 (eight) days as from the date of the receipt of the decision.

Жалбата се поднесува до Владата на Република Македонија, Комисија за решавање управни работи во втор степен од областа на одбраната, внатрешните работи, правосудство и управа, преку органот кој го донел решението.
The complaint is lodged with the Government of the Republic of Macedonia, the Commission for Administrative Matters of Second Instance in the field of defense, internal affairs, justice and administration through the decision-making authority

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
The complaint does not have a suspension effect on the decision, except in the case of Article 103 paragraph 8 of the Law on Aliens.

М.П. ______________________________
L.S. Потпис на службено лице
Signature of authorized official